Министерство за култура и туризам

Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

Одделение за управување со човечки ресурси Menaxhimin E Resurseve Njerëzore

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година

Бр. 04-9502/1
Датум: 31.10.2025

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/11, 96/19, 110/19 и 121/24), и Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.105/2007) а согласно член 5 алинеа 3 од Правилникот за измена и дополна на Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за култура и туризам бр.04-4246/1 од 02.04.2025 година и согласноста издадена од Министерството за јавна администрација бр.09-1654/3 од 08.04.2025 година, министерот за култура и туризам ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за формирање на Подрачно одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга при Министерството за култура и туризам

### Член 1

Со оваа одлука се формира **Подрачно одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга** (во понатамошниот текст: Подрачно одделение), како организациона единица во состав на **Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија**.

### Член 2

Седиштето на **Подрачното одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга** е во **град Струга**, на адреса ул. ЈНА, објект 1, А2-2, влез 2, кат ПР број 1, 6330, Струга.

Подрачното одделение ќе дејствува за подрачјето за цела територија на Република Северна Македонија.

### Член 3

Подрачното одделение ги врши следните работи и задачи: се вршат активности поврзани со се грижа и давање иницијатива за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на одделението, се предлагаат и непосредно се учествува заедно со другите раководители на одделенијата во изготвувањето на програмите за работа на МКТ, се дава мислење и се прават анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на одделението, се подготвуваат предлози на план за работа на одделението, се дава стручна помош во делот на реализација на активностите согласно законот за

примил:
06.11.2025

автокампови и ТРЗ, се подготвува предлози за политики по начелни прашања од делокругот на одделението, се учествува во изготвување на извештај за реализација на програмата во делот на поддршката на туризмот, се учествува во изготвувањето на подзаконски акти во делокругот на одделението, се формираат работни групи во рамките на одделението со цел на ефикасно извршување на работните задачи, се даваат задолженија, насоки и упатства со цел на навремено и ефикасно извршуваање на работние задачи, се врши непосредна контрола и надзор врз извршувањето на работата во одделението.

**Член 4**

За шифра на дејност за Подрачно одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга се определува:

84.130 - Регулирање и давање помош за поуспешно деловно работење.

**Член 5**

Средствата за работа на Подрачното одделение се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, преку буџетот на Министерството за култура и туризам.

**Член 6**

За спроведување на оваа одлука за упис во Централниот Регистар на Република Северна Македонија се задолжува Секторот за општи работи при Министерството за култура и туризам.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, ќе биде објавена на веб-страницата на Министерството за култура и туризам и на огласната табла при Министерството за култура и туризам.

**Министер за култура и туризам**

**Зоран Љутков**

Изготвил: И.Стевковска